Здружение Бадминтон клуб ВИНЧИНИ Виница,
седиште на ул. „Пионерска“ бр.2,
ЕМБС 7829272 и ЕДБ 4005025507378

ЗДРУЖЕНИЕ БАДМИНТОН КЛУБ ВИНЧИНИ ВИНИЦА
БР. 03-511
10.11.2026 год.
ВИНИЦА

До
Општина Виница
- Градоначалникот на Општина Виница

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 11 11 2026			
Орг.Един:	Број:	Прилог:	Вредност:
05-	285/15		

БАРАЊЕ
за финансиска поддршка за 2027 година

Почитувани,

Бадминтон клуб „ВИНЧИНИ“ – Виница е активна спортска организација која континуирано работи на развојот и промоцијата на бадминтонот, со посебен акцент на вклучување на децата и младите во спортот, нивно правилно спортско насочување и создавање услови за постигнување врвни спортски резултати.

Во моментов клубот брои 20 активни членови, кои редовно тренираат пет пати неделно. Преку континуирана и посветена работа, клубот бележи значителен напредок, како во бројот на млади спортисти, така и во постигнатите резултати на национално и меѓународно ниво.

Во текот на 2026 година, БК „ВИНЧИНИ“ активно учествуваше на Државното првенство во Бадминтон во поединечна конкуренција, на кое нашите млади натпреварувачи остварија значајни резултати и освоија повеќе медали:

У9 женска конкуренција – освоено 2. и 3. место;
У11 женска конкуренција – освоено 3. место;
У11 машка конкуренција – освоено 1. место;
У13 машка конкуренција – освоено 1. и 3. место.

На 13 декември 2026 година е предвидено одржување на финалето на Државното првенство во конкуренција на двојки, на кое клубот очекува уште еднаш да оствари добри спортски резултати и да го потврди напредокот на своите натпреварувачи.

Овие резултати претставуваат потврда за квалитетната работа на клубот, посветеноста на тренерскиот кадар и потенцијалот на младите спортисти кои ја претставуваат Општина Виница.

Покрај спортските резултати, во 2026 година клубот имаше значајна улога и во организацијата на спортски настани. БК „ВИНЧИНИ“ беше организатор и домаќин на финалето на Државното првенство во поединечна конкуренција, одржано на 7 ноември 2026 година, со учество на околу 100 натпреварувачи од повеќе клубови. Со ова клубот даде значаен придонес во организацијата и развојот на бадминтонот во државата и дополнително ја афирмираше Општина Виница како домаќин на значајни спортски настани.

Здружение Бадминтон клуб ВИНЧИНИ Виница,
седиште на ул. „Пионерска“ бр.2,
ЕМБС 7829272 и ЕДБ 4005025507378

Особено значаен чекор во развојот на клубот во 2026 година беше и првото учество на меѓународни турнири. Нашите натпреварувачи настапија на:

Serbian Youth International Novi Sad 2026 – Србија;
HELLAS U17 & Youth International 2026 – Грција.

Иако станува збор за наши први меѓународни настапи, младите натпреварувачи покажаа голем потенцијал. Особено значаен успех беше постигнат на турнирот во Грција, каде што нашите натпреварувачи успешно ја минаа групната фаза и се пласираа во осминафиналето, во конкуренција на учесници од повеќе од 15 држави. Овој резултат претставува голем успех за клубот и поттик за понатамошно меѓународно спортско афирмирање.

Досегашните активности на клубот главно се реализираа преку спонзорства, донации и сопствени средства. Меѓутоа, зголемениот интерес за бадминтонот, постигнатите резултати и потребата од поголем број натпреварувачки и тренажни активности наметнуваат потреба од поголема финансиска поддршка.

За 2027 година, клубот планира проширување на своите активности преку зголемено учество на меѓународни турнири во Србија, Бугарија, Грција, Албанија, Хрватска и Романија, како и учество на дополнителни спортски кампови и подготовки во странство, со цел подигнување на спортската подготвеност на младите натпреварувачи и стручно усовршување на тренерскиот кадар.

Врз основа на наведеното, Бадминтон клуб „ВИНЧИНИ“ – Виница поднесува барање за финансиска поддршка од Буџетот на Општина Виница за 2027 година, во вкупен износ од 439.000 денари, распределени по следните намени:

Спортска опрема (рекети, топчиња, мрежи и други спортски реквизити)	50.000
Организација на спортски турнир	60.000
Превоз до национални натпревари	50.000
Превоз до меѓународни турнири	80.000
Спортски кампови и подготовки за деца	60.000
Кампови и стручно усовршување за тренер	30.000
Котизации за меѓународни турнири	36.000
Сместување во странство за време на турнири и подготовки	40.000
Исхрана за спортистите за време на патувања и натпревари	20.000
Оперативни трошоци	13.000
ВКУПНО	**439.000**

Здружение Бадминтон клуб ВИНЧИНИ Виница,
седиште на ул. „Пионерска“ бр.2,
ЕМБС 7829272 и ЕДБ 4005025507378

Обезбедувањето на бараната финансиска поддршка ќе овозможи:

- Одржување и унапредување на квалитетот на редовните тренинзи;
- Подобри услови за спортски развој на децата и младите;
- Учество на повеќе национални и меѓународни турнири;
- Организација на спортски настани и натпревари во Општина Виница;
- Учество на спортски кампови и стручни подготовки во земјата и странство;
- Постигнување уште подобри спортски резултати;
- Понатамошна промоција и афирмација на Општина Виница на локално, национално и меѓународно ниво.

Сметаме дека вложувањето во Бадминтон клуб „ВИНЧИНИ“ претставува вложување во младите, нивниот спортски и личен развој, здравите животни навики и идните спортски успеси на Општина Виница.

Нашата цел е клубот да продолжи да расте, да создава нови спортски таленти и достоинствено да ја претставува Општина Виница на домашната и меѓународната спортска сцена.

Во очекување на позитивен исход и со надеж за продолжување на досегашната соработка, Ви благодариме за вниманието, разбирањето и поддршката на спортот и младите во нашата општина.

Со почит,

Филип Атанасов
Претседател на Бадминтон клуб „ВИНЧИНИ“ – Виница

Е-пошта: bvincinni@gmail.com
Телефон: 072/212-663
Трансметка: 270078292720149
Датум: 10.11.2026
Место: Виница